# ПРИКАЗИ И КРИТИКА

## ИСТОРИЯ ЮЖНИХ И ЗАПАДНИХ СЛАВЯН. МОСКВА 1969 г.

Големи заслуги за популаризација на историјата на македонскиот народ има советската историографија. По Втората светска војна нејзе и се падна честа прва во светската историографија да го проследи историскиот развиток на македонскиот народ и неговата земја. Во Казан, на универзитетот што го носи името на Ленина, професорот Аркадие Сергеевич Шофман одржал курс од лекции на историско-филолошкиот факултет по историјата на Македонија и македонскиот народ од најстарите времиња до Првата светска војна и истите, по решение на редакционо-издавачката комисија при Факултетот, а под редакцијата на А. И. Данилов, под наслов „Очерки по истории Македонии и македонского народа" снабдени со богата библиографија од извори и литература, ги објавил во Казан 1960 год. во два тома. Резултатите од значајниот труд на професорот А. С. Шофман одамна ѝ се познати на македонската историографија и јавност.

Дниве имавме можност да се запознаеме со нов труд што во синтетична форма ја изложува историјата на Јужните и Западните Словени, вклучувајќи ја и историјата на македонскиот народ. Имено, во издание на Московскиот универзитет, а под редакцијата на И. М. Белавска, И. А. Воронков, В. Г. Карасев и И. В. Созин, со одобрение на Министерството за више и средно специјално образование на СССР препорачан е како учебник за студентите на историските факултети трудот „История Южних и Западних Славян".

Волуминозниот учебник се состои од еден увод на 2 страни, основно изложување на историјата на Јужните и Западните Словени од најстарите времиња до 1965 год. на 512 страници, една хронолошка таблица на најважните датуми од историјата на Јужните и Западните Словени на 8 страници, еден список на најважната литература по историјата на Јужните и Западните Словени на 4 страници, односно целата книга се состои од 532 страници голем формат.

Книгата е поделена на три големи дела. Првиот дел носи наслов Јужните и Западните Словени во епохата на првобитно општинскиот и феудалниот строј (стр. 7 — 269), вториот дел ги зафаќа словенските земји во периодот на господството на капита- лизмот (стр. 273 — 446), а третиот дел ги обработува овие исти земји во периодот на народнодемократскиот строј (стр. 453—529).

Истакнувајќи го значењето на археологијата и лингвистиката како важни дисциплини за реконструкцијата на најстарите страници од историјата на Словените воопшто и ползувајќи објавена литература авторите даваат во уводот основни податоци за потеклото на Словените и териториите на нивното настанување во средишната област на Днепар, јужно од реката Прпет, потоа го изнесуваат нивното ширење во првиот век од нашата ера на териториите што лежеле меѓу реката Среден Дњепар и горниот тек на Дњестар, по северното Прикарпатие и во басенот на реката Висла, потврдено со пишувани извори кај Тацита, а подоцна и кај Јордана кој најавторитативно се искажал дека тие (Словените — б. м.) „водат потекло од еден корен и сега се познати под три имиња: Венеди, Анти и Склавини".

Откако Антите го населиле Балканскиот Полуостров во VI—VII век, според авторите на овој труд, го асимилирале месното тракиско и илирско население и дале почеток на јужно-словенските (бугарски, македонски, српски, хрватски и словенечки) племиња (стр. 9.) На идните страници авторите ја изложуваат историјата било по земји (на пр. Бугарија од VII—XIV; Чешка и Словачка од VIII до почетокот на XVI век), било по народи (на пример Југословенските народи од VIII до XV век; Полабските и Прибалтиските Словени и т. н.).

Ограничениот простор што ни е даден на располагање во списаниево не ни дава можност да се осврнуваме врз историите на сите народи и земји изнесени во овој труд, а ќе се задржиме само на она што се однесува на историјата на македонскиот народ.

Во глава III авторите констатираат дека „денешна Југославија ја населуваат Срби, Црногорци, Македонци, Хрвати и Словенци, кои народи во текот на многу векови биле разединети што дотерало до прилична своевидност во социјално-економскиот, културниот и политичкиот живот на секој еден од нив”. (Стр. 33). Во оваа смисла авторите во два поднаслова ја изложуваат историјата на Србите од VII до XV век; во еден поднаслов историјата на Босна и Херцеговина од XII до XV век; во два поднаслова историјата на Хрватите од VII до почетокот на XVI век; во еден поднаслов Дубровник од VII до почеток на XVI век; во еден поднаслов Словенија од VII до XV век, како и во еден општ поднаслов културата на југословенските народи од VII до XV век. За жал, освен што во последниов поднаслов се констатира со неколку реченици дека Охрид бил важен културен и верски центар во раниот среден век и дека во времето на Самоила била изградена силна охридска тврдина, ништо друго одделно не е речено за историјата на Македонските Словени, за нивните драматични борби од VI до VIII век со Византија за отстранувањето на нејзината власт од Солун и заокружувањето на териториите на својата нова слободна татковина. За овие борби и за независниот развиток на Македонските Словени се до нивното потчинување од Бугарија и Византија до средината на IX век постои, покрај југословенската и европската литература, уште и богата советска литература.[1]) Од неа можат да се согледат првите чекори на општествено-политичкото оформување на Македонските Словени во јаки племенски сојузи со свои кнезови и архонти на чело (Хацон и Пребонд), со изразита тенденција за премин во повисока форма на организирање во својата сопствена држава, но прекратено во IX век со нивното покорување од страна на соседните ханови на Бугарија. Стапувањето на дел од Македонските Словени во составот на бугарската држава, а дел во составот на византиската држава, не значеше и прекратување на нивниот внатрешен своевиден развиток, прво на културно-просветниот план, благодарение на знаменитата активност на Климент Охридски во Македонија, а потоа и на политички план со отцепувањето на Македонските Словени од составот на бугарската држава во времето на Самоила и заживување самостоен политички живот до 1018 година. Воопшто земено стремежите за самостоен развиток на Македонските Словени, било под раководството на своите домашни феудалци или таквите од надвор дојдени во Македонија, изразени во чести буни и востанија, гони на заклучок дека не може да се вклучува историјата на Македонските Словени во составот на историјата ни на Бугарија, ни на Србија подоцна, зашто се губи континуираниот развој на македонскиот народ и прегледноста на историската судбина на Македонците.

Сосем правилно постапиле авторите што под општиот поднаслов „Бугарските, македонските и српските земји

[1]) Б. Горянов, Славянские поселения и их опществен строй. Вестник древней истории I (Москва) 1939; Е. Липшиц, Славянская опщина и ее роль в формировании византиского феодализма. Виз. временник I; Е. Липшиц, Византиское крестянство и славянска колонизация. Виз. сборник, Москва — Ленинград 1945; Е. Липшиц, Из истории славянских общин в Македонии. Сборник статей академику Грекову, Москва 1952; Р. Наследова, Македонские Славяне конца IX - начала X век. Виз. временник XI. Москва 1956; Лазарев Н. В., Живопис XI—XII веков в Македонии. Rapport — Beograd — Ohrid 1961; А. С. Шофман, Очерки по истории Македонии и Македонского народа. Казань ,I, II том, 1960 г. и др.

под турска власт од XV до XVIII век" решиле да ги изложат заедничките неволи што ги снашле во тие векови. Меѓутоа, при изнесувањето на настаните од овој временски период со ниеден збор не ја споменале активноста ва Охридската архиепископија и нејзината улога како автокефална црква во Македонија се до нејзиното укинување во 1967 година. Во наредниот поднаслов ,,Борба на Бугарите, Србите и Црногорците против турското иго" (стр. 112) не само што авторите ги испуштиле од насловот Македонците, но ги лишиле читателите од многу интересни форми на отпор против турската власт во најсилно изразеното ајдуштво и арамиство во Македонија за што постои објавена архивска документација и литература од најново време, потоа ги лишиле читателите да научат нешто за првите локални буни и востанија, особено за Карпошевото востание во северните краишта на Македонија.[2]) Ништо не е речено во поднасловот ,,Култура на Јужните Словени од XVI до XVIII век" за културата, просветата и уметноста на Македонија дека нашла подслон во манастирите како единствени средишта за културното творештво на македонскиот народ, од каде водат потекло неколку важни дамаскини. писмовници и кодики, што најдоа посебен научен третман во прекрасната студија на советскиот учен А. Селищев.[3]) Од овој период се исто така вредни за споменување како специфични само за културната историја на македонскиот народ појавата на неколку резбарско-сликарски специјализирани работилници за изградба на определен вид уметнички предмети што и денес ги красат бројните цркви и манастири во Македонија.

За прв пат во овој учебник и е одделено посебно место на Македонија во периодот од крајот на XVIII до крајот на Балканските војни и тоа во два поднаслова. Во првиот поднаслов што го опфаќа периодот од крајот на XVIII век до Берлинскиот конгрес (стр. 248—250) во збиена форма се даваат социјално-економските промени во македонските села и градови под влијанието на продорот на капиталистичките елементи, потоа почетокот на формирањето на буржоаската класа и нејзините борби против грчката Цариградска патријаршија, како и првите почетоци на национално - ослободителното движење изразени во Разловечкото и Кресненското востание (пропуштено е да се спомене Негушкото востание како и Кумановско — Кривопаланечкото востание). При тоа нагласено е сосем правилно дека ,,национално-ослободителното движење на македонскиот народ било тесно поврзано со ослободителните движења на соседните народи и дека стотици Македонци учествувале во српските востанија; дека П. Ичко и П. Чардаклија биле првите дипломати во Србија; дека капетанот В. Цукиќ (треба В. Цикиќ) се покажал способен воднички водач и дека многу Македонци зеле учество во Грчкото востание, а Ило војвода и Христо Македонски учествувале во револуционерното движење на бугарскиот народ и т.н. Анализирајќи ги пречките што го задржувале про-

---

[2]) Љ. Лапе, Прилог кон историјата на борбите на нашиот народ во 16 и почетокот на 17 век против турската власт. Нов ден IV, 5 Скопје 1948; Радовановић В., Сељачка буна у Мариову у Македонији у другој половини XVI века. Зборник Филоз. факултета I, Београд 1948; Д. Ташковски, Карпошевото востание. Скопје 1951; Д.Мире, Востанија и движења во Македонија во втората половина на XVI и почетокот на XVII век. Скопје 1951; Љ. Лапе, Неколку податоци за Мариовско — прилепската буна од втората половина на 16 век. Стремеж број 5—6, Прилеп 1954; Д. Шопова, Македонија во XVI и XVII век. Скопје 1955; Б. Храбак, Престапи на спахиите во Македонија во втората половина XVI век. Гласник на ИНИ I, 1, Скопје 1957; И. Катарџиев, Ајдутското движење и Карпошевото востание во XVII век. Скопје 1958; А. Матковски, Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија I—II том. Скопје 1961; А. Матковски, Хаидутите в Македония през првата половина на XVII в. Известия на ИБИ том XIV — XV, София (1964); А. Матковски, Отпор сељака у Македонију против везивања за земљу у време турске владавине. ЈИЧ 1—2, Београд 1968; Турски документи за историјата на македонскиот народ. Том I (Скопје 1963), II, (1966) III (1969).

[3]) А. Селищев, Македонские кодики XV—XVIII веков, София, 1933 г.

цесот на формирањето на македонската нација и што му сметале на обединувањето на сите сили на народот во борбата за ослободувањето од турското ропство авторите ги наоѓаат причините во извонредното етничко шаренило. Според нив на териториите на Македонија живееле Бугари, Срби, Грци, а исто така Турци, Власи, Албанци, Евреи и Ерменци. Ми се чини дека се претерало во потцртувањето на оваа етничко шаренило и дека тоа што некои од македонските интелектуалци се декларирале за Срби или Бугари, а некои и за Грци се должело на силното влијание на соседните национални пропаганди кои внесувале збрка во уште незакрепнатото македонско национално сознание. Во националните пропаганди, според наше мислење, треба да се бараат најголемите виновници за разбивањето на единството на нашиот народ во борбата за национално ослободување. Етничкото шаренило е (кога ќе

Во пасусот културата на Македонија бездруго требаше да се споменат првите културни преродбеници Јоаким Крчовски и Кирил Пејчинович, да се подвлечат првите уметнички творби во литературата на К. Миладинов и првите собирачи на македонските народни песни, потоа, отворањето на двете македонски печатници во Солун (1838 и 1850 г.), како и засилената градежна дејност на македонските мајстори изразена во изградбата на голем број македонски соборни цркви и нивната украса со богата и висококвалитетна дрвена резба, дело на неколку дуборезачки и зографски школи во Македонија. Се ова не само што содржински ќе се пополнеше овој важен поднаслов туку ќе се добиеше појасна претстава за карактеристичните белези на македонската култура и уметност во XIX век.

Најдобри страници од историјата на македонскиот народ во овој труд претставуваат страниците изложени во другиот поднаслов. Тие сосема правилно го оцртуваат повисокиот степен на македонското национално-ослободителното движење изразено во создавањето на Тајната македоно-одринска револуционерна организација и македонските социјалистички групации, нивните и на другите идејни струења во македонското национално - ослободително движење, пречките од страна на соседните пропаганди на движењето, подготовките за Илинденското востание и причините за неговиот неуспех, кризите во Организацијата по востанието, учеството на левото крило во Младотурската револуција и нејзиниот неуспех во демократизацијата на турската државна управа и давање поголеми слободи на народностите во Турција, како и најтрагичните страници во историјата на македонскиот народ извршени со тројната поделба на Македонија во Балканските војни.

Во десетината редови за културата на Македонија сосем правилно е подвлечена големата улога на Крсте П. Мисирков во формирањето на македонскиот литературен јазик и македонската наука, без да се заборави дека многу „дејци на науката и културата, Македонци по потекло, работеле во соседните земји, главно во Бугарија и Србија" (стр. 341), поради невозможните услови за ваков вид работа во својата сопствена земја.

Во општата глава „Југославија од 1918 до 1941 г." со неколку збора спомената е нерамноправната положба на македонскиот народ во стара Југославија, укажано е на нејзината општествено-економска и културна заостанатост, а во пасусот „Културата на Македонија" (стр. 431) повторено е тоа во поконцизна и попрегледна форма со зборовите: „Во составот на буржоаско-земјопоседничка Југославија Македонија немала национална независност. Тоа негативно се одразило на културниот развиток на нејзиниот народ. Наставата во Вардарска Македонија се водела на српски јазик. Повеќе од половината на населението било неписмено. Но без оглед на тешкотиите, националната свест кај народот растела и се зацврстувала. Голема активност покажала младината, создавајќи културно-просветни кружоци и клубови, во кои пламено се претресувале македонските проблеми.

Македонската литература правела во периодот меѓу двете војни само први чекори. Главно место во неа зазела поезијата. Во 1939 во Загреб излегла првата збирка со стихови (Бели мугри) на македонски јазик, што му припаѓаат на перото на основополагачот на македонската поезија Коста Рацин (К. А. Солев)". Секако требаше

да се споменат и збирките на стихови на Коле Неделковски и други млади поети како и драмските дела на Никола Киров Мајски, Антон Панов и Васил Иљовски, кои во тогашните услови на национална дискриминација и потиснатост на македонскиот народ изиграа голема улога.

Сосем кратко е прикажана борбата на македонскиот народисто така во заедница со другите југословенски народи за свое национално и социјално ослободување во која не мал прилог даде и македонскиот народ и благодарение на која за прв пат извојува национална слобода и рамноправност само македонскиот народ од Вардарска Македонија. Најновите резултати од проучувањата на југословенската историографија за четиригодишните борби во Втората светска војна не можат да се согласат со воопштеното тврдење во свој труд дека бугарската војска заедно со југословенската го ослободиле поголемиот дел на Македонија, бидејќи бугарските војски, како што тоа најновите проучувања покажуваат пројавиле прилична пасивност и неисполнителност на поставените задачи во завршните операции за ослободувањето на Македонија.

Инаку во последниот поднаслов под наслов „Културата на Социјалистичка федеративна Југославија" констатирано е дека „во нова Југославија бурно се развива културата во таквите заостанати во минатото републики како што е Македонија. Во мај 1945 со декрет бил воведен мајчиниот јазик во училиштата, установите, печатот и радиото на Републиката. Во 1949 се отворени Универзитетот во Скопје, а во 1967 била основана националната Академија на науките и уметноста. Нејзин прв претседател станал поетот, автор на првата граматика на македонскиот јазик, Блаже Конески."

Не можеме да го завршиме овој приказ, а да не се осврнеме со неколку збора врз хронолошката таблица на најважните датуми, како и на наведената основна литература во овој труд по историјата на Јужните и Западните Словени. Во хронолошката таблица од најважни датуми, на македонскиот народ му се определени само два датума: 1893 г., кога е основана Внатрешната македонска револуционерна организација и 1903 година, кога е кренато Илинденското востание. За Самоиловото царство никнато на македонски терен под раководството на четирите комитопули е употребен терминот западно бугарско царство, термин одамна напуштен дури и во бугарската историографија, додека востанијата на Петар Делјан и Г. Војтех се сосем погрешно лоцирани во Бугарија место во Македонија, бидејќи, како што е познато ни најмал предел од денешна Бугарија не бил зафатен од нив. Ми се чини дека покрај фиксирањето на овие датуми за македонската историја треба да се внесат и овие датуми: 1689 Карпошевото востание, 1767 укинувањето на автокефалната Охридска архиепископија, 1876 Разловечкото востание, 1878 Кресненското востание и 1902 создавањето на Славјано - македонско научно - литературно другарство во Петроград.

Во списокот на основната литература за жал, од толку богатата руска и советска литература, пишувана и објавена, за македонската проблематика не е цитирано ниедно дело или статија што би им помогнала на читателите поосновно и поопширно да се запознаат со некои проблеми, настани или периоди од историјата на македонскиот народ. Длабоко сме убедени дека во едно второ издание овие пропусти ќе се исправат, бидејќи има и причина за оправдување. Имено, појавата на Историјата на Јужните и Западните Словени коинцидира со појавата на првата научна историја на македонскиот народ излезена во издание на Институтот за национална историја во Скопје и напишана од прилично голем колектив на македонски историчари. Оваа коинциденција не им дала можност на авторите на Историјата на Јужните и Западните Словени да ги исползуваат последните постигнувања на македонската историографија изнесени во тритомната историја. Без оглед на сето тоа учебникот за историја на Јужните и Западните Словени и со оние свои скромни делови за историјата на македонскиот народ ќе им овозможи на советските читатели и студенти да се запознаат со еден народ чие што присуство во фамилијата на Јужните Словени беше долго време оспорувано и негирано.

Љ. Л.